## *Карневалот, цар на Европа*

*Зимски маски на плодноста во европскиот етнографски контекст*

Карневалот, цар на Европа / Carnival King of Europe/ е проект на Етнографскиот музеј на Трентино (Museo degli Usi e Costumi della Gente Trentina) од Сан Микеле ал Адиџе, Италија, што го финансира Европската Унија во рамки на програмата Култура 2007 - 2013.

Партнери во проектот се Музејот на Македонија од Скопје (Македонија), Етнографскиот музеј од Загреб (Хрватска), Музејот на европските и медитеранските цивилизации од Марсеј (Франција) и Националниот етнографски музеј од Софија (Бугарија).

Целта на проектот се состои од истражувања, реализација на филмови, патувачка изложба, веб страна www. carnivalkingofeurope.it и студиски состаноци, како и утврдување и истражување на заедничките корени на карневалот во рамки на зимските обреди на плодноста што сеуште се одржуваат во голем број рурални и пострурални заедници во Европа.

Изложбата Карневалот, цар на Европа, на Етнографскиот музеј на Трентино (Museo degli Usi e Costumi della Gente Trentina) од Сан Микеле ал Адиџе е реализирана во соработка со Етнографскиот музеј од Загреб, Етнографскиот музеј од Софија и Музејот на Македонија.

Од 22.11.2008 година до 06.01.2009 година изложбата беше поставена во Етнографскиот музеј на Трентино, потоа од 15.01.2009 до 25.02.2009 година во Етнографскиот музеј во Загреб, а од 19.03.2009 до 29.04.2009 година во Националниот етнографски музеј во Софија.









Во срцето на зимата, кога земјата почива, а заедниците се затворени во себе и го чекаат будењето на вегетацијата, благотворната наезда на духови го разбива едноличното секојдневие, ги загрева ноќите и во селото внесува немир. Тоа се духовите на стадата и шумите, предците кои се враќаат, таинствените сили на заспаната природа, застрашувачки, величенствени и чудесни суштества отелотворени во маскираните ликови кои во шарени, живописни и бучни обиколки собираат прилози, а ја опфаќаат целата заедница. Така долгата зима на европските селани прекината е со низа на спонтани, древни и наизглед неразбирливи обреди, меѓу кои сигурно најпознат е и нашиот карневал: со неочекувани изливи на врева, бои и заедничка веселба што во сржта имаат длабоко симболички и ритуални значења што тешко можат да се сфатат.

Претпоставка за ова истражување е констатацијата дека зимските поклади на европските народи - односно карневалот, заедно со многу сродни манифестации што се одржуваат од Прочкена задушница до почетокот на пролетта - вдахновуваат со заедничките церемонијални имагинарии, имаат слична структура, често и исти ликови, дејствија и ситуации, како да сакаат да покажат дека во нивната основа е ист древен обред, истата света драма.

Во таа церемонијална инсценација, во чие средиште скоро секогаш се прикажува венчавката, односно приказната за соединување на половите како очигледна евокација на плодноста, забележуваме три соседни фази, кои што го задржуваат својот зададен поредок секаде каде што обредот со текот на времето ја задржал својата структура, поделена на различни сегменти.



Од Иберискиот до Балканскиот полуостров, од Пиринеите до Алпите, од италијанскиот југ до средна Европа, секоја од тие фази станала препознатлива по исти обележја и исти симболи - неизбришливи траги на древниот обред којш се во неговата основа.

Оттука само навидум хаотичното и краткотрајно царство на Карневалот, можеме да го сметаме како едно од најраспространетите и најтрајни царства во историјата на европскиот континент, кое одамна тежнее да воспостави сопствени политички единици, а самиот карневал во таа перспектива, во нашите очи станува правиот, вистинскиот Цар на Европа.

Новите истражувања ќе овозможат нови споредби помеѓу различните подрачја на континентот, што ќе придонесе до попрецизно дефинирање на тој комплексен церемонијал, објаснување на специфичностите на неговото потекло и втемеленоста на неговата илјадалетна историја.











Организатор:
Етнографски музеј на Трентино (Museo degli Usi e Costumi della Gente Trentina) Сан Микеле ал Адиџе, Италија

Соорганизатори:
Музеј на Македонија, Скопје, Етнографски музеј, Загреб, Етнографски музеј, Софија.

Автори на изложбата:
Џовани Кезиќ, Чезаре Попи

Автор на текстовите:
Џовани Кезиќ

Комесари на изложбата:
Владимир Боцев, Антонела Мот
Иглика Мишкова, Звjездана Антош
Јосип Барлек

Ликовно поставување на изложбата:
Студио Tacus Didoné

Етнографски филмови (режија, монтажа, снимање)
Микеле Трентини (Карневалот, цар на Европа,
Еден ден во Рукавац, Валфлориана и Челник)
Владимир Боцев (Еден ден во Бегниште)

Избор на фотографиите:
Звjездана Антош, Антонела Мот
Владимир Боцев, Иглика Мишкова

Фотографии:
Иво Перван, Видо Багур, Владимир Боцев,
Иглика Мишкова,
Фотодокументација на музеите во
Сан Микеле ал Адиџе, Загреб, Софија и Скопје

Соработници:
Јосип Барлек, Иглика Мишкова, Владимир Боцев, Мари Паскал Мале, Звjездана Антош

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија. Оваа публикација ги изразува само ставовите на авторите и Комисијата не може да се смета за одговорна за било каква употреба што може да произлезе од информациите содржани во неа.

Education and Culture DG
Culture Programme

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

Издавач: МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
За издавачот: Мери Пејоска
Координатор: Владимир Боцев
Дизајн и подготовка: Гордана Георгиевска

Печати: Пропоинт
Тираж: 500

Скопје 2009





# КАРНЕВАЛОТ, ЦАР НА ЕВРОПА

## Зимски маски на плодноста во европскиот етнографски контекст

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА